ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 05-229/1
03.06 20 19 год.
ШТИП

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

ПРОГРАМА ЗА
ЗАЧУВУВАЊЕ
НА ПРИРОДАТА

# Програма за зачувување на природата во Северна Македонија - фаза 2

## Концепт за јавен повик за предлози на Здруженија за имплементирање на проекти за одржливо користење на природните ресурси во сливното подрачје на река Брегалница

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ФАРМАХЕМ
FARMAHEM

Јуни 2019

## Насоки за пријавување

### 1. Вовед

Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2 (во понатамошниот текст Програмата) е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation – SDC), координиран од страна на Фармахем, Скопје со поддршка на швајцарската невладина организација Helvetas Swiss Intercooperation. Програмата е креирана со цел да ѝ помогне на Република Северна Македонија во зачувување на големата биолошка разновидност и природните еко системи преку промоција на нивното одржливо користење и управување. Времетраењето на втората фаза на програмата е од 2017 до 2020 година.

Главната цел на Програмата ќе придонесе Брегалничкиот регион да ги сочува природните вредности и промовира одржлив и инклузивен социо-економски развој. На оваа генерална цел се работи преку сосредоточување на следните резултати:

1. Институциите на сите нивоа ефикасно го спроведуваат националното законодавство за зачувување на природата и интегрирано управување со природните ресурси;
2. Регионален пристап за зачувување на природата и одржлив развој на брегалничкиот регион е прифатен и применет од страна на различните заинтересирани страни;
3. Населението и МСП од брегалничкиот регион нудат еко-туристички активности/ услуги и продаваат производи што се добиени на одржлив и социјално инклузивен начин.

Главни партнери во втората фаза на Програмата, коишто ги спроведуваат програмските активности се: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП „Национални шуми", Шумарски факултет во Скопје, Македонско еколошко друштво и Универзитетот за применети науки во Берн, Швајцарија.

Стратешки партнер на Програмата е Центарот за развој на Источен плански регион (во понатамошниот текст ЦРИПР), установа која ги претставува и застапува општините во ИПР и нивните интереси.

Брегалничкиот регион се карактеризира со висока разновидност на растителни и животински видови, екосистеми и предели, како резултат на разновидната топографија, релјеф, геологија, почва, распределеност на водните ресурси и микро климатските услови. Во степоликото подрачје во долниот тек на реката Брегалница се среќаваат специфични растителни и животински видови, кои се различни од оние што ги има во пошумените делови на планините во средниот и горниот тек на реката Брегалница, додека разнообразието на растителни видови е најзабележително во низините.

Дел од еко системите и живеалиштата се зачувани, но дел се под силно влијание на антропогениот фактор. Токму затоа е потребно да се спроведуваат активности кои се во насока на одржливо управување на природните ресурси за да може и во иднина да се користат и да се зачува биолошката разновидност.

### 2. Цели

Програмата преку овој јавен повик за предлози ќе ги поддржи Здруженијата во реализација на мали проекти во хидролошкото сливно подрачје на реката Брегалница кои

ќе придонесат кон одржливо користење на природните ресурси во регионот, односно кон воспоставување и практикување на одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност, преку употреба на традиционани знаења, иновации, најдобри практики.

Секој предлог проект треба да вклучи инвестициски активности од мал обем кои се насочени кон зачувување на природата или одржливо управување со природните ресурси, кои се во согласност со Стратегијата за природа.

## 3. Критериуми за подобност

Апликанти

Во рамки на овој повик за предлози, подобни апликанти кои може да поднесат пријава се Здруженијата кои се регистрирани во хидролошкото сливно подрачје на реката Брегалница согласно Законот за здруженија и фондации кои имаат активен статус и имаат претходно искуство во спроведување на проектни активности во областа на одржливо управување со природните ресурси.

Организацијата треба да биде регистрирана најмалку 12 (дванаесет) месеци пред датумот на објавување на јавниот повик за предлози.

Еден апликант може да достави само една Пријава за грант. Апликантот е обврзан да вклучи како партнер општина или соодветна институција, со јасно дефинирана улога во реализацијата на проектот. Улогите и обврските на проектните партнери треба да бидат прецизирани со потпишан Меморандум за соработка.

Пријавата се состои од формулар за аплицирање, буџет и анекси (прилози) образложени подолу.

Локација

За да биде подобен за финансирање, предложениот проект мора во целост да се реализира во област која физички е дел од хидролошкото сливно подрачје на реката Брегалница. За инвестициските активности, предложената локација /објект предложен за инвестиција треба да биде од јавен карактер и да биде во сопственост на општината или во државна сопственост. Апликантот треба да обезбеди Писмо за согласност и поддршка на проектот од страна на сопственикот на локацијата/објектот.

Апликантите треба да приложат Одлука од Управниот одбор за поддршка на проектот и негова реализација.




Активности

Предлог проектите треба да бидат во согласност со Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027), Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план за период (2018-2023) усвоени од Владата на РМ во 2018 година и Програмата за заштита на природата, усвоена од Владата на РСМ во 2019 година и да вклучат најмалку една од следните активности за да бидат подобни за финансиска поддршка:

- Активности поврзани со зачувување на биоразновидноста (копнени и водени еко системи, асоцијации, видови, хабитати, предели, генетска разновидност и слично);
- Активности поврзани со зачувување на гео-разновидноста, вклучително и уредување и пристап до локалитети значајни за гео разновидноста;
- Заштита и зачувување на природните живеалишта;
- Управување со живеалишта, заштита и реставрација на еко системи и загрозени видови;
- Санација и пошумување на речни брегови со автохтони видови, „зелена инфраструктура“ и друго;

- Пошумување со автохтони видови на земјишта изложени на ерозија и спречување/ санација на свлечишта;
- Поддршка на традиционално користење на биолошката разновидност (традиоционални начини на искористување на ливадите и пасиштата, собирање на боровинки, други шумски производи и слично);
- Мерки за одржување и подобрување на еколошките вредности на руралниот предел;

Следните видови активности не се подобни за финансиска поддршка:

- Предлог- проекти што не вклучуваат соработка и директно партнерство со засегнати институции;
- Предлог- проекти чијашто главна цел е да обезбедат индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции и конгреси;
- Предлог- проекти што предвидуваат само или главно подготвка на анализи, документи или промотивни материјали;
- Ретроактивно финансирање за проекти што веќе се во имплементација или се завршени;
- Предлог- проекти што веќе се поддржани од други донатори без дополнителни активности и без проширен опфат ќе се сметаат за неподобни;
- Предлог – проекти кои предвидуваат повеќе од 20% од вкупните трошоци за „меки“ мерки.

**<u>Напомена:</u> Сите печатени материјали, веб страни и информативни табли кои ќе се изработат во рамки на овој јавен повик задолжително треба да се изработени на македонски и англиски јазик. При изработката на сите материјали, избраниот апликант треба да приложи доказ дека истите биле предмет на лектура за соодветниот јазик. Пред конечната изработка избраниот апликант потребно е да побара согласност од Центарот за развој на Источен плански регион за формата и содржината на изработениот материјал. Изворните кодови за евентуалните софтверски решенија по финалната реализација на активностите ќе бидат предадени и ќе бидат во сопственост на Центарот за развој на Источен плански регион или на соодветната општина.**

<u>Финансиско учество</u>

Апликантите не се обврзани да обезбедат сопствено финансиско учество за подобните трошоци во рамки на проектот. Меѓутоа, доколку вкупниот буџет на проектот го надминува износот на финанасиска поддршка од Програмата апликантите треба да имаат капацитет да обезбедат сопствено учество за целосно реализирање на проектот. Во тој случај, сопственото учество треба да биде потврдено со Одлука од Управниот одбор или соодветен управен орган.

## 4. Висина на грантовите и подобни трошоци

<u>Висина на грантот</u>

Во рамки на овој Повик за предлози максималната финансиска поддршка од Програмата за зачувување на природата во Македонија - фаза 2 која може да ја добијат апликантите за имплементација на проект е **1.725.000,00** денари по проект, **без вклучен ДДВ**.

Подобни трошоци

Само подобните трошоци може да бидат земени предвид за финансирање во рамки на грантот. Подобните трошоци мора да бидат засновани на реални трошоци кои се поткрепени со соодветни документи. Во рамки на овој повик подобни се следните видови на трошоци:

- Трошоци за управување и водење на проектот (максимум 10% од износот на вкупниот буџет на проектот);
- Директни трошоци за реализација на проектот: трошоци за градежни работи од мал обем (вклучително и трошоци за надзор); други директни трошоци за спроведување на проектот (минимум 75% од износот на вкупниот буџет на проектот, за „меки мерки 15%);
- Трошоците за „меки" мерки (консултантски и експертски услуги) и трошоците за тимот да не надминуваат повеќе од 25% од вкупниот буџет на проектот;
- Набавка на опрема е дозволена како дел од директните трошоци, само во случај на набавка и инсталација на специфична опрема која е неопходна за реализација на проектните активности, за што мора да се даде детално образложение. Набавка на канцелариска, информатичка и слична опрема не е подобен трошок;

Данокот на додадена вредност не е подобен трошок, освен во исклучителни случаи кога не е можен поврат на ДДВ по било кој основ.

За да бидат подобни за финансирање во рамките на овој повик за предлог проекти, трошоците не смее претходно да биле одобрени за финансирање од други фондови или програми и треба реално да се настанати за време на реализацијата на проектот, согласно активностите кои се дефинирани во Пријавата за грант.

**5. Начин на плаќање**

Исплата на финансиските средства за реализација на предвидените активности од Центарот за развој на Источен плански регион кон апликантот ќе се врши на следниот начин:

- 20 % по поднесување и одобрување на динамички план и план за реализација на активностите;
- 20 % по поднесување и одобрување на времен извештај (вкупно 2);
- 40 % по доставување и одобрување на завршен извештај и по целосна реализација на предвидените активности.

Проектот во рамките на кој се реализира овој јавен повик е финансиран од Швајцарската конфедерација и е регистриран во Централната база на податоци на базата на Република Северна Македонија за странска помош (CDAD). Во Договорот помеѓу Владата на РСМ и Владата на Швајцарската конфедерација стои клаузулата дека

донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во РМ, па според тоа проектот е ослободен од ДДВ и предвидениот износ ќе му биде исплатен без вклучен ДДВ.

### 6. Времетраење на проектот

Селектираниот проект ќе отпочне со реализација после потпишување на Договорот за финансиска поддршка. Максималниот период за реализација на проектот е 12 месеци.

### 7. Одржливост и долгорочно одржување на резултатите од проектот

Одржливоста претставува многу значаен елемент во рамки на овој повик за предлог проекти. Апликантите треба да објаснат како ќе биде обезбедена одржливоста на крајните резултати од проектот после неговото завршување и како ќе се овозможи понатамошно одржување на постигнатите ефекти од реализацијата на проектот. Апликантите треба да обезбедат гаранција дека сопственикот на локацијата на која се реализирани проектните активности се обврзува после завршување на проектот да се грижи за одржливоста на резултатите од проектот и да не ја промени намената на инвестицијата во следните 5 години.

Во ова поглавје исто така треба да биде објаснета и можноста за репликација на проектот во слични области на дејствување или на други локации.

### 8. Трансферзални теми

Предложените проекти треба да обезбедат еднакви можности и недискриминација по било која основа. Треба да се обезбедат механизми за родова еднаквост во подготовката и имплементацијата на предложените активности, како и социјална рамноправност и механизми за инклузија на млади.

### 9. Анекси

Следните анекси треба да бидат обезбедени и приложени заедно со Пријавата за грант:

1. Тековна состојба (во оригинал) не постара од 6 (шест) месеци од крајниот рок за аплицирање;
2. Биографија на здружението;
3. Годишен извештај за работа на здружението за претходната година;
4. Завршна сметка на здружението за претходната година;
5. Уверение за платени даноци издадено од даночните органи не постара од 6 (шест) месеци од крајниот рок за аплицирање;
6. Одлука од Управниот одбор за поддршка на подготовката и реализацијата на проектот (оригинал); Доколку апликантот има сопствено учество, во одлуката треба да стои и износот на сопственото учество;
7. Меморандум за соработка потпишан од апликантот и соодветната партнерска институција;
8. Биографии на проектниот тим и експертите кои ќе бидат вклучени во реализација на проектните активности (Форматот за биографија **не треба да биде подолг од 3 страници**);

9. За инвестициите треба да се обезбедат следните документи:
   - Документ за сопственост на недвижноста/објектот кој ќе биде предмет на инвестиција (оригинал или нотарски заверена копија);
   - Соодветна техничка документација за предложената инвестиција, согласно Законот за градење и подзаконските акти кои ја регулираат истата проблематика;
   - Во случај на инвестициски активности во области со посебен статус: релевантна документација согласно соодветната национална законска регулатива на Република Северна Македонија (оригинал или нотарски заверена копија);
10. Во случај на набавка на опрема треба да се обезбеди Техничка спецификација;
11. Доказ (потпишан документ) од јавната институција дека го поддржува проектот и дека по негово завршување, се обврзува за одржување на опремата и инфраструктурата обезбедена од проектот;
12. Фотографии од објектот/локацијата и околината. На позадина од фотографиите треба да стои: име на апликантот, точен назив на локацијата, место и датум кога е направена фотографијата.

**10. Процедура за аплицирање**

Апликантите треба да го користат Форматот за пријава за грант на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, други формати нема да бидат прифатени за пријавување. Пополнетиот формат за пријава не треба да надминува 10 страници, со користење на фонт Arial, големина 11 со единечен проред.

Апликантите треба да доставаат оригинал и една копија од Пријавата за грант, придружени со погоре наведените анекси, како и CD со електронска верзија (pdf) која е идентична со хартиената форма треба да бидат доставени до Центарот за развој на Источен плански регион во Штип. Документите кои што се издаваат од релевантните институции да бидат во оригинал или копија заверена со **„Верно на оригиналот“** и печат и потпис од овластеното лице. Апликациите мора да бидат испратени најдоцна до **03.07.2019 година до 15 часот** во запечатено плико преку пошта, со користење на услуга за брза испорака или да бидат донесени директно (во тој случај лицето што врши испорака ќе добие потврда за приемот), во просториите на Центарот за развој на Источен плански регион во Штип на следната адреса:

**Центар за развој на Источен плански регион**

**ул. „Ванчо Прке“ бр. 119 кат 2, 2000 Штип**

На пликото задолжително треба да стои референтиот број на повикот **(Реф. Бр. 05-229/2)**

Апликантите може да достават прашања кои се од важност за процесот на аплицирање во пишана форма на електронските адреси оставени за контакт, не подоцна од 10 календарски денови пред крајниот рок за доставување на предлози. Центарот за развој на Источен плански регион ќе одговори најдоцна 8 дена пред крајниот рок за доставување на предлози.

## 11. Евалуација и селекција на апликациите

Сите пристигнати предлог проекти ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација. Одлуката на Комисијата за евалуација ќе биде донесена најдоцна до **10.07.2019** година (среда).

Информација со листата на одобрени проекти ќе биде објавена на веб страниците на Центарот за развој на Источен плански регион (http://eastregion.mk/) и Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (http://www.bregalnica-ncp.mk/)

Сите добиени предлог проекти од страна на апликантите ќе бидат оценувани согласно следните чекори и критериуми:

Чекор 1: Административна проверка

Административна проверка е дел од процесот на евалуација на предлог проектите која е заснована на следните критериуми:

| бр | **Административни критериуми** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пријавата за грант и придружната документација е доставена во бараниот рок | | |
| 2. | Сите делови од Пријавата за грант и придружните документи се доставени во оригинал и една печатена копија | | |
| 3. | Доставена е електронска верзија на Пријавата за грант и анексите | | |
| 4. | Пријавата за грант во целост е пополнета согласно урнекот на ПЗП | | |
| 5. | Приложена е Тековна состојба за Здружението (во оригинал или нотарски заверена копија) | | |
| 6. | Приложен е Годишен извештај за работа на здружението за претходната година | | |
| 7. | Приложена е Завршна сметка на здружението за претходната година | | |
| 8. | Приложено е Уверение за платени даноци издадено од даночните органи | | |
| 9. | Приложена е Одлука од Управниот одбор (во оригинал) | | |
| 10. | Приложен е документ за сопственоста на локацијата/објектот кој ќе биде предмет на инвестиција (во оригинал или нотарски заверена копија) | | |
| 11. | Приложена е соодветна документација од одговорна институција согласно националната законска регулатива на Р. Македонија - само во случај кога предложените проектни активности се реализираат во области со посебен статус | | |
| 12. | Приложена е соодветна техничка документација/техничка спецификација за материјалните средства | | |
| 13. | Приложен е доказ (потпишан документ) од јавната институција дека го поддржува проектот и дека по негово завршување се обврзува за одржување на инфраструктурата/опрема обезбедена од проектот | | |
| 14. | Има приложено фотографии од локацијата со наведени име на апликантот, точна локација на објектот, место и датум кога е направена фотографијата | | |

Само апликациите кои ги исполнуваат сите критериуми наведени погоре во однос на административната проверка ќе бидат евалуирани понатаму во следната фаза, во однос на квалитетот.

Чекор 2: Евалуација на апликациите

Табела за евалуација на Пријавите за грант:

| Критериуми | Максимални поени | Апликација за грант |
|---|---|---|
| 1. Релевантност | 20 | |
| 2. Методологија | 25 | |
| 3. Одржливост | 20 | |
| 4. Буџет и економичност на трошоците | 20 | |
| 5. Искуство и оперативен капацитет на апликантот | 15 | |
| Вкупно поени | 100 | |

За носител на грантот ќе биде избран оној апликант чија пријава ќе биде оценета како најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент од критериумите за евалуација на пријавите за грант дадени во табелата погоре.

Имплементацијата на селектираните проекти ќе отпочне после потпишување на Договорот со избраните апликанти. Постапката за набавки за имплементација на проектите ќе биде спроведувана согласно Ажурирана методологијата за спроведување постапки за набавки од страна на партнерите на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2.

**12. Информации за контакт:**

Јасминка Пашалиска Андоновска – jasminka@bregalnica-ncp.mk
Емил Василев – emil.vasilev@eastregion.mk
Андреа Златковска – ecotourism@eastregion.mk